РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04-206/21
27.08. 2018 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018) директорот на Дирекцијата, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

1. Даниел Тренчов, советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации во Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор се унапредува во раководител на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор.
2. Одлуката за унапредување административен службеник да се достави до кандидатите за унапредување и на веб-страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Со Интерен оглас за унапредување административен службеник бр. 04-206/12/ од 14.08.2018 година (односно бр.01/2018) беше огласена потребата од унапредување 1 (еден) административен службеник за работно место УПР0101Б04000 раководител на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, од редот на вработените

во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат, и тоа Даниел Тренчов, кој по спроведувањето на интервјуто од страна на Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, е избран за унапредување од советник во раководител на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор
Стојан Славески

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- кандидатот
- Архива на ДБКИ